Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА -БИТОЛА-

**Архивски број:04-76/5**
**Датум:16.12.2021 година**

Врз основа на член 8 став 7 од Колективниот договор за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 249/19), а во врска со Одлуката за пополнување на слободно работно место по пат на објавување на интерен оглас бр.04-76/4 од 15.12.2021 година, ВД Директорот на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца-Битола го објавува следниот:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2021**
**за унапредување на помошно-техничко лице во ЈУ Дом за доенчиња и мали деца-Битола**

Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола објавува интерен оглас за унапредување на 1 (едно) помошно-техничко лице на работно место **Домаќин-економ,** звање на работно место Помошно- техничко лице(за одржување на објекти и опрема) од прво ниво со шифра на работно место СОЗ0401Б01002 во Одделот за административни и помошно-технички работи, Дел за помошно-технички работи.

Кандидатот треба да ги исполни следните општи услови:
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови кандидатот треба да ги исполнува следниот посебен услов утврден во Правилникот за систематизација на работните места во Установата:
-да има завршено четиригодишно средно образование (средно економско образование, средно гимназиско образование, средно стручно образование-угостителска-туристичка струка).

Работното време е од 7.30 до 15.30 часот (понеделник- петок), 40 часа во текот на една седница и нето плата од 16.495,00 денари.

Потребата се обезбедува со објавување на интерен оглас на огласна табла и на веб страницата на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца- Битола.

На интерниот оглас може да се јави помошно-техничко лице вработен во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола, кој ги исполнува општите услови и посебниот услов за пополнување на работно место пропишани со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола.

Рок за доставување на пријавата изнесува 3 (три) работни дена, сметано од денот на објавување на огласот.


Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339
+389 047 254 339
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com